# Transparency International MACEDONIA

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

# 2012

# Содржина

Воведник
Преглед
Проекти:
I. „Центар за совети и правна помош“ („Advocacy and Legal Advice Centers“ – ALAC)
II. „Центар за совети и правна помош во Скопје, Тетово и Штип“; (ALAC – MATRA)
III. „Пријави корупција“
IV. „Осветлување на финансирањето во политиката“; (“Shining a light on money in politics”; CRINIS)
V. „Јавност и Отчетност“

Активности во 2012 година
Финансиски Извештај 2012

***Користење на воспоставени кратенки во рамките на годишниот Извештај 2013***

- Транспаренси Интернешнл – Македонија (ТИ–М)
- Организација за Безбедност Соработка во Европа (ОБСЕ)
- National Endowment for Democracy (NED)
- Индекс на Перцепција на корупција (ИПК)

Transparency International - Macedonia

Проф. Д-р Слаѓана Тасева
Претседател

## *Воведник*

Корупцијата не е обичен криминал. Таа ги уназадува и често ги уништува животите на милиони луѓе во светот. Таа го запира економскиот развој и произведува нееднаквост и неправда. Корупцијата е спротивна на човековите права и човековото достоинство.

Република Македонија веке подолг период се соочува со проблемот на корупцијата, кој според истражувањата на канцеларијата на Обединетите нации за превенција на дрогите и криминалот (UNODC) најмногу е изразен во сферата на високата корупција, каде што износите се во просек повисоки од 2800 долари. Ова укажување дека Република Македонија има поголем проблем со високата корупција, а не со секојдневната таканаречена „мала корупција“ го потврди и истражувањето на Транспаренси Интернешнел – Глобален барометар на корупцијата, според кое граѓаните во република Македонија сметаат дека најмногу корупција постои во политиката и во судството, а 17% од граѓаните изјавиле дека лично дале поткуп. Она што охрабрува е подготвеноста на граѓаните да се борат против корупцијата. Дури 82% од граѓаните на Република Македонија искажале подготвеност да се борат против корупцијата. Она што недостасува е доверба во институциите.

Транспаренси Интернешнел Македонија веќе седум години спроведува активности за поттикнување на граѓаните да се вклучат во борбата против корупцијата, што во текот на извештајната година особено дојде до израз преку алатките кои ги понудивме во рамки на современите технологии, но и преку канцелариите за правни совети во Тетово и во Штип. Се чини дека граѓаните се повеќе се подготвени да застанат и да се спротивстават на корупцијата како неправо, дури и тогаш кога не се засегнати самите тие.

Добрите резултати не охрабруваат да продолжиме понатаму. Презентираното подолу најмногу се должи на вас, на граѓаните кои имавте храброст да пријавите корупција. Ние само ја изнаоѓаме најдобрата форма на операционализирање на нашата заедничка заложба Република Македонија да биде подобро место за живеење за нејзините граѓани.

Ви благодариме за довербата и поддршката.

**Корупцијата не е феномен.** Тоа е постојано присутен прикриен процес кој делува како дезинтегратор на општеството. Нејзините последици не секогаш се видливи веднаш, но секогаш се тешко надминливи. Нема граѓанин, па дури ниту оној корупмираниот кој не ги чувствува нејзините последици.

**Корупцијата нема иднина.** Во 2012 година Transparency International – Macedonia ги повика граѓаните поактивно да се вклучат во борбата против корупцијата преку кампањата „Пријави Корупција – Пивлечи Црвена Линија“. Борбата против корупцијата била и останува наша цел, тоа го должиме самите на себе и на идните генерации.

Според најразличните светски рангирања Република Македонија покажува тенденција на опаѓање на владеењето на правото и демократските вредности вклучувајќи ги и човековите права на кои се темели секое слободно општеството.

Објавувајќи ги резултатите за Индексот на перцепција на корупција, популарниот CPI (Corruption Perception Index) на Transparency International, Претседателот на Transparency International – Macedonia Проф. Д-р Слаѓана Тасева истакна: **„Постигнатите 43 поени се во рамки на просечниот резултат на сите рангирани држави и претставуваат сериозен индикатор дека Република Македонија треба да ги зајакне активностите на планот на борба против корупцијата, особено во најчувствителните сектори, како што се судството и политиката, кои треба да бидат гарант за демократијата и владеењето на правото и да обезбедат услови за развој и напредок.“**.

Република Македонија со постигнатите 43 индексни поени е на 69 место од вкупно 176 земји. Според усвоената методологија на скала од 0-100 државите кои постигнале резултат под 50 индексни поени се сметаат за корумпирани земји. (*ТИ-М; 05.12.2012 Прес Конференција: **„Владите треба да слушнат за меѓународното негодување против корупцијата“; страна 17 од Извештајот**)*

Извештајот на Европската Комисија низа години наназад истакнува дека „корупцијата и понатаму останува сериозен проблем“ со кој Република Македонија мора да се справи на нејзиниот пат кон членство во Европската Унија.

***Во основа корупцијата е недостаток на дисциплина во почитување на прифатени стандарди.***

***Градењето на системи засновани на култура на законот наспроти корупцијата, добро управување и интегритет на поединецот и институцијата, се нашата цел и наш предизвик.***

***Корупцијата им нанесува непоправливи штети на граѓаните на Република Македонија. Затоа нашите активности се насочени кон подобрување на работата на институциите. Свесни сме дека тоа е можно единствено во услови кога граѓаните ќе ги побараат своите права и ќе му кажат не на секој обид за корупција. Дури и тогаш кога тоа би било во нивна полза.***

***С. Тасева***

Состојбата во однос на заштита на пријавувачите на корупција "Whistle-blowers" во Македонија во 2012 година остана непроменета. Во 2012 година предлогот за усвојување на регулатива со која ќе се регулира на оваа проблематика беше препознаен од Владата и Државната комисија за спречување на корупцијата. Оваа активност беше публикувана *on line* од страна на Одделението за соработка со НВО и стана одредница во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата 2011 -2015 година. Потребата од посебно регулирање на заштита за овие храбри граѓани во повеќе наврати беше истакната од Transparency International – Macedonia, имајќи предвид дека во изминатите 10 години од неговата примена, одредбите кои го уредуваат ова прашање во Законот за спречување на Корупцијата се покажаа како недоволни. Неопходна е подобро уредена постапка и соодветна правна рамка која ќе обезбеди заштитата на пријавувачите на корупција да биде навремена и ефикасна.

Меѓународната Freedom House, во споредба со минатата година ја рангираше Република Македонија 20 позиции подолу, односно на 116 место.

Слободата на медиумите е подрачје кое извлече на површина повеќе слабости кои во одредено ниво законодавецот се обиде да го поправи со декриминализација на навредата и клеветата.

Transparency International – Macedonia, на прес конференција (31.01.2012 година) и укажа на македонската јавност за почетокот на разврската на аферата со перење пари, политичко влијание и поткуп на политичари преку Македонски Телекомуникации во корист на деловните интереси на Маѓар Телеком и Дојче Телеком. Иако американската федерална власт ги насочи сите достапни правни средства, би рекле со максимален успех, за сузбивање на ваквиот тип на коруптивно однесување се со цел заштита на првата на учесниците на американските берзи и американските даночни обврзници, во Република Македонија се уште недостасуваат квалитетни докази кои ќе укажат на сите можни сторители. Недостатокот на докази оди рака под рака со застарувањето за кривично гонење според домашното право. ТИ-М до јавното обвинителство достави документација со која ги поткрепува сомневањата за постоење на коруптивни дејствија. Сега се на ред државните институции да се произнесат по истите.

***Видливост на ТИ-М во 2012 година преку:***


***Прес конференции 3***
***Тркалезни маси и дебати 5***
***Известување до медиуми 6***


***Транспаренси Интернешнл- Македонија, ги оствари предвидените активности според утврдената динамика за 2012, показатели ни даваат уште поголем поттик за продолжување на нашата активност во 2013 година.***

Многу успешни приказни во борбата против корупцијата започнале или се завршиле преку истражувачкото новинарство. **На трибината за состојбата со истражувачкото новинарство во Македонија одржана на 10.02.2012 година беше истакнато дека токму во афери како таа со Маѓар Телеком, новинарите го наоѓаат своето најплодно поле за професионално докажување.**

*TI–Macedonia* ги поддржува реформите во сферата на законодавството како и усогласувањето на регулативата со *EU-aquis,* при што значајно место има и континуираната активност на Владата преку така наречената „Законска гилотина“. Во минатата 2012 година Собранието на Република Македонија во Службен Весник на Република Македонија објави 239 (неофицијална бројка) нови и измени и дополни на постоечки закони. Оваа исклучително одговорна активност наметнува потреба од внимателно следење на вкрстените влијанија поради одбегнување на колизија помеѓу решенијата вметнати во законите. Тоа лесно доведува до неуедначена судска практика па судските инстанции мораат да усвојуваат ставови кои доведуваат до оправдано незадоволство кај некоја од страните учеснички. Статистички преглед на бројот на примени пријави по сектори со ризик од корупција, кои *TI–Macedonia* ги има добиено преку канцелариите на Центарот за совети и правна помош за областа на правосудство и адвокатура е најголем (28%) и отскокнува од следните највисоко рангирани област инспекции/лиценци/даноци за десетина и повеќе проценти. **Правото мора да биде познато на граѓаните однапред.** Така ќе се одбегне донесување на така наречени „закони со дестинација“ односно „ставови“ со дестинација во полза на потребите на лица или групи на лица со влијание. Тоа ќе допринесе за намалување на перцепцијата за корупција кај граѓаните.

Од 2012 година Здружението е вклучено во активности за следење на спроведувањето на Акциониот План на ДКСК 2011-2015 година.

Здружението беше покането да учествува на работилница за организација на активностите за самооценка која во рамките на третата група на држави Република Македонија ја изведува во насока на имплементација на Конвенцијата против корупција на Обединетите Нации (UNCAC).

***Овој Извештај е организиран во два тематски дела според носечки проекти и активности при што секоја Проект е презентиран поодделно што е сработено и какви резултати се постигнати од нашата работа.***

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

ALAC | Advocacy and Legal Advice Center

*Во 2012 година Центарот за правна помош биле примени 223 лица од кои биле добиени 271 пријава за корупција во различни сектори на општеството.*

*Од вкупниот број на добиени пријави 118 биле завршени (49 на ниво на пријава и 69 на ниво на предмет) со успешно постапување на задоволство од гледна точка на граѓаните.*

Центарот за правни совети поврзани со корупција на Transparency International има канцеларии каде што жртвите и сведоците на корупција пријавуваат случаи и добиваат практични правни совети кој што им овозможуваат да поднесат официјални жалби до релевантните институции. Центарот за правни совети (ALAC) мотивира активно вклучување на граѓаните во борбата против корупцијата обезбедувајќи едноставни, веродостојни и одржливи механизми. Во нив граѓаните добиваат конкретна помош во форма на правна поддршка со исклучок на застапување на предмети пред суд. Во исто време Центарот од граѓаните и нивните поплаки добива информации преку кои ги идентификува слабостите во борбата против корупцијата во самиот систем и да се залага за реформи базирани на конкретни докази од жалбите на граѓаните. Овој Центар функционира како медијатор, овозможувајќи им на обичните граѓани да ги држат институциите одговорни, пренесувајќи ја нивната загриженост во системски промени.

**Главна цел на проектот е да се:**

• подобри квалитетот на демократското управување преку овозможување на самите граѓани да учествуваат во борбата против корупција, ефективно да ги држат нивните влади одговорни и да придонесат во системските промени.

**Краткорочни цели на проектот се:**

• подржување на жртвите и сведоците на корупција да се справат со нивните поплаки, а со тоа да се држат институциите одговорни во имплементацијата на антикорупциските закони

• зајакнување на способноста и подготвеноста на институциите да добиваат но и да постапуваат по жалби поврзани со корупција

• системски подобрувања (правни, административни и институционални) во борбата против корупцијата




*Сакаме да ја нагласиме значајната придобивка на Центарот во комуникацијата со граѓаните овозможена со проектот „Пријави Корупција“ кој им овозможува едноставен, брз, ефикасен прегледник преку кој можат да поднесат пријава но и да се запознаат со пријавите на други граѓани.*

Центарот за правни совети поврзани со корупција (ALAC) има четири главни компоненти кои ги остварува преку своите канцеларии:

• **Комуникација** со граѓаните: жртвите на корупција добиваат почетен совет за нивните права и доколку постои првично сомневање за корупција, клиентот се пренасочува на понатамошно правно советување. Ова се остварува преку овозможен личен пристап до канцелариите, телефонска линија, електронска пошта, пријави преку специјализиран веб портал (Пријави Корупција)

• **Правна помош** за граѓаните која им овозможува на граѓаните да ги искажат, развијат, поднесат и проследат нивните жалби со помош на професионален правник кој што е вработен во Центарот.

• **Застапување** на случаите кои се доставени до Центарот преку подигање на јавната свест за секторите и институциите за кои има најмногу жалби од страна на граѓаните, а со тоа се потенцира и привлекува вниманието на специфични правни и институционални слабости, за потоа да се достават препораки за подобрување или спроведување на антикорупциските закони.

• **Градење капацитети** им нуди поддршка на државните институции за зајакнување на нивните капацитети во процесирањето на жалбите.

Првата ALAC канцеларија беше отворена од страна на ТИ – Македонија во далечната 2003 година во Скопје. Идејата да се има Центар за совети и правни помош има за цел активно вклучување на граѓаните во борбата против корупцијата, во изминатите 10 години се прошири во над 50 земји во светот.

ALAC | Advocacy and Legal Advice Center

*Со овој чекор успешно се одговара на предизвикот кон зголемените овластувања на единиците на локалната власт кој го следеа зголемен број на пријави од граѓани незадоволни од незаконитости во работата на општините.*

Со финансиска поддршка на Кралството Холандија, ТИ – Македонија успеа да отвори уште две нови канцеларии на Центарот во градовите Штип и Тетово на почетокот на Септември 2012 година.

**Канцеларијата во Тетово официјално започна со работа на 15.10.2012 година.** Во врска со овој настан ТИ – Македонија организираше конференција за медиумите. За време на престојот во Тетово локалната телевизија КОХА сними полчасовна емисија со Претседателката на ТИ – Македонија Д-р Слаѓана Тасева и нејзината екселенција Амбасадор на Кралството Холандија во Република Македонија Г-ѓа Мариет Шурман посветена на тоа кои се целите и задачите на Центарот за совети и правна помош и неговата канцеларија во Тетово. До крајот на 2012 година оваа канцеларија прими 35 пријави.

**Канцеларијата во Штип официјално започна со работа на 05.11.2012 година.** Поради полесно запознавање на јавноста и граѓаните со работата на канцеларијата ТИ – Македонија организираше конференција за медиумите. Едновремено при престојот во Штип локалната телевизија ИРИС сними емисија со Претседателката на ТИ – Македонија Д-р Слаѓана Тасева и нејзината екселенција Амбасадор на Кралството Холандија во Република Македонија Г-ѓа Мариет Шурман. До крајот на 2012 година оваа канцеларија прими XX пријави.
Интересот на граѓаните да пријават корупција секојдневно се зголемува како што тие стануваат се повеќе убедени во практичност, ефикасноста, корисноста и професионалниот пристап на постапување во обработка на добиените пријави. До крајот на 2012 година оваа канцеларија прими 52 пријави.

ALAC | Advocacy and Legal Advice Center

**Во организација на канцеларија на Центарот за совети и правна помош (ЦСПП) на Транспаренси Интернешнл – Македонија во Тетово на 06.12.2012 година, беше организирана Тркалезна маса на тема: „Граѓаните во борба против корупција“.**

Настанот се одржа во Општинската сала во Тетово. На присутните граѓани на Тетово и претставници на институции од Полошкиот Регион со свои излагања им се обратија Д-р Слаѓана Тасева Претседател на Транспаренси Интернешнл Македонија и Градоначалникот на Општина Тетово Проф. Др. Сади Беџети. Д-р Слаѓана Тасева ги информираше граѓаните резултатите од работата на ЦСПП во изминатите шест месеци.

Информацијата го опфати бројот на пријави од граѓаните кои според нивно мислење се однесуваат на ризици од корупција, начинот на кој пријавите биле доставени до канцелариите на ТИ–М ЦСПП во Тетово, Скопје и Штип како и за дистрибуција на пријавите според локација и градови во Република Македонија. Градоначалникот Проф. Др. Сади Беџети изрази поддршка и отвореност за соработка со ТИ–Македонија и ја поздрави работата на регионалната канцеларија на ЦСПП во Тетово.

Настанот го следеа и претставници на локалните ТВ Медиуми.

***Проект:***
***Поттикнување на граѓаните да пријавуваат корупција***




***Презентација на резултати од работењето на ALAC и веб платформата***

**Во имплементација на Transparency International – Macedonia и финансиски подржан од Center for International Relations од Вашингтон се изведува проектот „Поттикнување на граѓаните да пријавуваат корупција“ (Transparency Watch); (www.transparency-watch.org; www.prijavikorupcija.org).**

Главната цел на овој проект е да се подобри квалитетот на демократското владеење преку овозможување на граѓаните да учествуваат во борбата против корупција користејќи нови електронски алатки, кои во исто време би придонеле за поголема одговорност на Владата и спроведувањето на системските подобрувања.

Овој проект во практична смисла поставува на сеопфатен систем за пријавување случаи на корупција користејќи нови медиуми и мобилна технологија базиран на Ushahidi платформа. TI Macedonia ќе ги поттикне граѓаните да пријавуваат корупција која што ја искусуваат или за која сведочат користејќи посебно посветен веб портал и бесплатен СМС број (075/076 145111).

**29.09.2012 ТИ Македонија одржа прес конференција на која ги презентираше резултатите за работењето на веб платформата и апликацијата за пријавување на корупција www.prijavikorupcija.org примени во периодот 01.09.2011 година до 28.09.2012 година.**

| | |
|---|---|
| Пријави добиени преку интернет платформата www.prijavikorupcija.org | 128 |
| Пријави доставени преку електронска пошта | 35 |
| Пријави пристигнати преку Facebook | 17 |
| директни телефонски обраќања | 33 |
| Пријави преку SMS | 5 |
| **Вкупно:** | **227** |
| **Релевантни:** | **199** |

Од претходната табела е видлив придонесот на веб порталот преку бројот на добиени пријави во однос на другите начини на комуникација.

***Андроид апликација за пријавување на корупција***

**На 22.10.2012 Проектот „Пријави Корупција“ покрај веќе постоечките апликации на македонски и англиски јазик, ја доби и својата мобилна апликација за Андроид на албански јазик.**

Апликацијата им дозволува на корисниците да ги пријават случаите на корупција, да селектираат категории, локација или пак да ги листаат веќе поставените пријави кои се прикачени на оваа страна.

Оваа апликација е прва од ваков вид на Балканот, но и во Европа. Пријавите се проверуваат од тимот кои работи позади овој проект, а верификуваните ќе бидат поставени на веб сајтот www.prijavikorupcija.org , како и автоматски на оваа апликација. Апликацијата е достапна на Google Play преку оваа врска:
https://play.google.com/store/apps/details?id=com.korupcijasq.android.app
Во наредниот период ќе следи и апликација „Пријави Корупција„ за IOS .

***Проект:***
***КРИНИС Западен Балкан –Осветлување на парите во политиката***

**Проектот КРИНИС е регионален проект на Transparency International кој има за цел да прави мониторинг на корупцијата во финансирањето на политичките кампањи, како и да ја зацврсти јавната доверба во демократските институции во Албанија, Хрватска, Косово, Македонија и Србија.** Проектот има за цел поголема транспарентност и институционални промени преку вклучување на сите клучни засегнати страни и преку евалуација на практиките кои се спроведуваат при политичките финансирања.

КРИНИС овозможува испитување на различни димензии на транспарентност и одговорност во политичките финансирања, како на пример внатрешни извештаи на партии и кандидати, извештаи до агенциите задолжени за надзор, јавно обелоденување и слично.

Активностите на проектот за своја цел ги имаат клучните засегнати страни во врска со реформите на политичкото финансирање, вклучувајќи ги и политичките партии, приватниот сектор, институциите за надзор, медиумите и граѓанското општество. Корисници од проектот и крајна целна група се граѓаните на земјите кои го имплементираат проектот, а од причина што проектот се стреми кон засилување на одговорноста на националните политички системи кон електоратот.

***Проект:***
***Промовирање на транспарентост и отчетност во јавните институции***

***Проектот ќе вклучува три меѓусебно поврзани компоненти:***
***– развој на методологија за квалитативна проценка на имплементација на Државната Проект за превенција и репресија од корупција 2011 – 2015 во секторот образование и спорт,***
***– спроведување на тематско истражувања за перцепциите на граѓаните на проблемот со корупцијата во три сектори на државната Проект: образование и спорт, медиуми и граѓанско општество и јавна администрација,***

***зајакнување на капацитетите на ДКСК.***

**Транспаренси Интернешнл – Македонија во соработка со Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) во периодот од Јули – Август 2012 година го спроведе проектот „Промовирање на транспарентност и отчетност во јавните институции“, кој е поддржан од ОБСЕ мисијата во Скопје.**

Основна цел на проекот е да промовира транспарентност и отчетност во јавните институции преку активности за јакнење на капацитетите на државните институции и подигање на свеста на граѓаните во однос на антикорупциските иницијативи.

Резултатите на трите компоненти ќе се користат како основа за подигнување на свеста кај граѓаните, застапување и јавни дебати. На тематски извештаи кои се однесуваат на активностите утврдени во Државната Проект ќе вклучаат препораки упатени кон клучните јавни институции, одговорни за преземање мерки за спречување на корупцијата, како и на ДКСК. Извештаите ќе бидат доставени до ДКСК за натамошно користење и обработка.

Во рамките на проектот се одвиваа низа на активности кои беа достапни до пошироката јавност.

*Презентација од истражувањето на перцепцијата на граѓаните за корупцијата во медиумите и НВО сектор*

Проектни активности:

1. Квалитативната анализа која се спроведе во рамки на овој проект имаше за цел да ги оцени главните ризични фактори/ проблеми идентификувани во Државната програма за спречување на корупцијата и судирот на интереси со акционен план 2011-2015 година, областа образование и спорт користејќи ја методологија на Системот за национален интегритет на ТИ-М. Изработка на квалитативна анализа во еден од секторите врз основа на анализа на правната регулатива и праксата која се применува;
2. Спроведување на тематски истражувања со цел да се утврди перцепцијата на граѓаните за постоењето и нивото на корупција во три сектори: Медиуми и граѓански сектор, Јавна администрација, Образование и спорт;
3. Организирање на јавни дебати на три јавни дебати каде се презентираат резултатите од истражувањето, со цел да се даде можност на засегнатите страни и претставниците од тие сектори да дадат свое видување и мислење во однос на оваа проблематика;
4. Организирање на Регионална конференција за системот на национален интегритет и Меѓународна конференција по повод обележување на меѓународениот ден против корупцијата (7 декември 2012).

Регионалната конференција одржана во Охрид на 07.11.2012 беше посветена на концептот на интегритет и антикорупциските превентивни. Конференцијата во Охрид се одржува во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во соработка со Државната комисија за спречување на корупција и Транспаренси Интернешнл – Македонија. На конференцијата учествуваа експерти и претставници на антикорупциските тела од регонот, на меѓународни организации, на надлежни национални и локални институции и на граѓанскиот сектор.

## *ИНДЕКС НА ПЕРЦЕПЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА (ИПК) 2012 година*




| RANK | COUNTRY/TERRITORY | SCORE |
|---|---|---|
| 1 | Denmark | 90 |
| 1 | Finland | 90 |
| 1 | New Zealand | 90 |
| 4 | Sweden | 88 |
| 5 | Singapore | 87 |
| 6 | Switzerland | 86 |
| 7 | Australia | 85 |
| 7 | Norway | 85 |
| 9 | Canada | 84 |
| 10 | Netherlands | 83 |
| 11 | Iceland | 82 |
| 12 | Luxembourg | 80 |
| 13 | Germany | 79 |
| 14 | Hong Kong | 77 |
| 15 | Barbados | 76 |
| 16 | Belgium | 75 |
| 17 | Japan | 74 |
| 17 | Austria | 74 |
| 19 | United Kingdom | 74 |
| 19 | United States | 73 |
| 20 | Chile | 72 |
| 20 | Uruguay | 72 |
| 22 | Bahamas | 71 |
| 22 | France | 71 |
| 22 | Saint Lucia | 71 |
| 25 | Korea (South) | 69 |
| 25 | Ireland | 69 |
| 27 | Qatar | 68 |
| 27 | United Arab Emirates | 68 |
| 29 | Cyprus | 66 |
| 30 | Botswana | 65 |
| 30 | Estonia | 65 |
| 32 | Spain | 64 |
| 33 | Bhutan | 63 |
| 33 | Portugal | 63 |
| 35 | Saint Vincent and the Grenadines | 62 |
| 36 | Slovenia | 61 |
| 37 | Taiwan | 61 |
| 38 | Cape Verde | 60 |
| 39 | Israel | 60 |
| 40 | Dominica | 58 |
| 41 | Poland | 56 |
| 42 | Malta | 57 |
| 43 | Rwanda | 56 |
| 44 | Korea (South) | 56 |
| 45 | Europe | 55 |
| 46 | Hungary | 55 |
| 47 | Slovakia | 54 |
| 48 | Lithuania | 54 |
| 49 | Rwanda | 53 |
| 50 | Seychelles | 52 |
| 51 | Georgia | 52 |
| 52 | Grenada | 52 |
| 53 | Bahrain | 51 |
| 54 | Czech Republic | 49 |
| 54 | Latvia | 49 |
| 54 | Malaysia | 49 |
| 54 | Turkey | 49 |
| 58 | Cuba | 49 |
| 58 | Jordan | 49 |
| 60 | Macedonia | 48 |
| 61 | Oman | 47 |
| 62 | Croatia | 46 |
| 62 | Slovakia | 46 |
| 62 | Greece | 45 |
| 64 | Lesotho | 45 |
| 64 | Kuwait | 44 |
| 66 | Romania | 44 |
| 66 | Suriname | 44 |
| 68 | Saudi Arabia | 43 |
| 69 | Brazil | 43 |
| 69 | FYR Macedonia | 43 |
| 69 | Saudi Arabia | 43 |
| 69 | Bosnia and Herzegovina | 42 |
| 72 | Italy | 42 |
| 72 | Sao Tome and Principe | 42 |
| 74 | Malaysia | 41 |
| 75 | Liberia | 41 |
| 75 | Montenegro | 41 |
| 75 | Tunisia | 41 |
| 78 | Sri Lanka | 40 |
| 79 | China | 39 |
| 80 | Serbia | 39 |
| 80 | Trinidad and Tobago | 39 |
| 82 | Burkina Faso | 38 |
| 83 | El Salvador | 38 |
| 83 | Jamaica | 38 |
| 83 | Panama | 38 |
| 83 | Peru | 38 |
| 86 | Malawi | 37 |
| 86 | Morocco | 37 |
| 86 | Suriname | 37 |
| 89 | Swaziland | 37 |
| 89 | Thailand | 37 |
| 89 | Zambia | 37 |
| 92 | Benin | 36 |
| 94 | Colombia | 36 |
| 94 | Djibouti | 36 |
| 94 | Ghana | 36 |
| 94 | India | 36 |
| 94 | Moldova | 36 |
| 94 | Mongolia | 36 |
| 94 | Vietnam | 36 |
| 99 | Argentina | 35 |
| 102 | Gabon | 35 |
| 102 | Tanzania | 35 |
| 105 | Algeria | 34 |
| 105 | Armenia | 34 |
| 105 | Bolivia | 34 |
| 105 | Gambia | 34 |
| 105 | Mexico | 34 |
| 105 | Mali | 34 |
| 105 | Mexico | 34 |
| 105 | Philippines | 34 |
| 105 | Senegal | 34 |
| 113 | Ethiopia | 33 |
| 113 | Guatemala | 33 |
| 113 | Togo | 33 |
| 113 | Sri Lanka | 33 |
| 118 | Dominican Republic | 32 |
| 118 | Ecuador | 32 |
| 118 | Egypt | 32 |
| 118 | Indonesia | 32 |
| 118 | Madagascar | 32 |
| 123 | Belarus | 31 |
| 123 | Mauritania | 31 |
| 123 | Mozambique | 31 |
| 123 | Sierra Leone | 31 |
| 123 | Vietnam | 31 |
| 128 | Lebanon | 30 |
| 128 | Togo | 30 |
| 128 | Papua New Guinea | 29 |
| 129 | Kyrgyzstan | 29 |
| 129 | Uganda | 29 |
| 133 | Comoros | 28 |
| 133 | Guyana | 28 |
| 133 | Honduras | 28 |
| 133 | Iran | 28 |
| 133 | Kazakhstan | 28 |
| 133 | Russia | 28 |
| 133 | Azerbaijan | 28 |
| 139 | Kenya | 27 |
| 139 | Nepal | 27 |
| 139 | Nigeria | 27 |
| 139 | Pakistan | 27 |
| 139 | Bangladesh | 27 |
| 144 | Cameroon | 26 |
| 144 | Central African Republic | 26 |
| 144 | Congo Republic | 26 |
| 144 | Syria | 26 |
| 144 | Ukraine | 26 |
| 149 | Eritrea | 25 |
| 150 | Guinea-Bissau | 25 |
| 150 | Papua New Guinea | 25 |
| 150 | Paraguay | 25 |
| 150 | Guinea | 25 |
| 154 | Kyrgyzstan | 24 |
| 154 | Yemen | 24 |
| 156 | Angola | 23 |
| 157 | Cambodia | 22 |
| 157 | Tajikistan | 22 |
| 160 | Democratic Republic of the Congo | 21 |
| 160 | Laos | 21 |
| 160 | Libya | 21 |
| 160 | Equatorial Guinea | 20 |
| 165 | Venezuela | 20 |
| 166 | Burundi | 19 |
| 166 | Chad | 19 |
| 166 | Haiti | 19 |
| 166 | Macedonia | 19 |
| 166 | Iraq | 19 |
| 170 | Turkmenistan | 17 |
| 170 | Uzbekistan | 17 |
| 172 | Sudan | 15 |
| 173 | Korea (North) | 8 |
| 174 | Afghanistan | 8 |
| 174 | Somalia | 8 |

**05.12.2012 Меѓународните негодувања против корумпираните влади, присили неколку лидери да заминат од функцијата, но како што се расчисти прашината околу тоа, стана очигледно дека нивоата на поткуп, злоупотреба на сила и тајни договори се сеуште многу високи во многу земји.**

Индексот на перцепција на корупцијата на Транспаренси Интереншнл во 2012 покажува дека корупцијата продолжува да ги пустоши општествата низ светот. Две третини од 176 рангирани земји во индексот на 2012 имаат оцена под 50, на скала од 0(преставува високо коруптирани) до 100(се сметаат за многу чисти), покажува дека јавните институции треба да бидат по транспарентни како и официјални владини функционери да бидат по одговорни.

Република Македонија се наоѓа на 69 место со вкупно 43 поени, со што повторно се вброи во групата држави кои имаат оцена под 50. Споредено со државите во регионот Република Македонија е подобро рангирана од Босна и Херцеговина, Црна гора, Бугарија, Србија и Грција, Косово и Албанија.

Постигнатите 43 поени се во рамки на просечниот резултат на сите рангирани држави и претставуваат сериозен индикатор дека Република Македонија треба да ги зајакне активностите на планот на борба против корупцијата, особено во најчувствителните сектори, како што се судството и политиката, кои треба да бидат гарант за демократијата и владеењето на правото и да обезбедат услови за развој и напредок.

„Владите треба да ги интегрираат своите анти–коруптивни мерки во сите јавни политики на одлучување. Приоритетите вклучуваат подобри правила на лобирање и политичко финансирање, правејќи го јавното трошење и договарање повеќе транспарентно како и поголема одговорност на јавни институции кон граѓаните“ изјави Хјуџит Лабел, Претседател на Transparency International. „По една година фокус на корупција, ние очекуваме владите да превземат поцврст став против злоупотребата на моќта. Резултатите на Индексот на перцепција на корупција 2012, демонстрираат дека општествата продолжуваат да плаќаат висока цена од корупцијата“ изјави Лабел.

***ИНДЕКС НА ПЕРЦЕПЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА (ИПК)***
***2012 година***

***Индекс на перцепција на корупција 2012: Резултати***

Повеќето од земјите каде граѓаните ги предизвикуваат нивните лидери да ја сопрат корупцијата- од Среден Исток, Азија до Европа – видлива е нивната стагнација или влошена позиција.

Во Индексот на перцепција на корупција 2012, Данска, Финска и Нов Зеланд делат прво место со оцена 90, со помош на силниот пристап до информациските системи и правила со кои се регулира однесувањето на лицата кои се на јавни функции. Афганистан, Северна Кореја и Сомалија повторно се на дното на листата на индексот. Во овие земји недостаток на одговорни лидерства и ефективни јавни институции , ја нагласува потребата да се земе многу посилен став против корупцијата.

Под нивото на своите перформанси во Индексот на перцепција на корупцијата 2012 се вклучени и земјите од Еврозоната, кои беа директно погодени од финансиската и економската криза. Транспаренси Интернешнл постојано ја предупредуваше Европа за справување со ризиците на корупција во јавниот сектор за да се справи соодветно со финансиските криза, повикувајќи на зајакнати напори за докажување на корупцијата во јавните институции.

„Корупцијата е најмногу зборуван проблем“ изјави Кобус де Свардт, Директор на Transparency International. Водечките економии во светот треба да претставуваат пример, да обезбедат одговорност на нивните институции и нивните лидери. Ова е од клучно значење, бидејќи нивните институции играат значајна улога во спречувањето на корупцијата на глобално ниво ", рече де Свардт.

***Позадина***

2012 година Транспаренси Интернешнал ја обнови методологијата на Индекс на перцепција на корупцијата. За да ја одрази оваа перцепција на Индексот на корупцијата е претставен на скала од 0 (високо корумпирани) до 100 (многу чисти).

***Транспаренси Интернешнл е глобална граѓанска организација лидер во борбата против корупцијата.***

***Прес конференција 25.06.2012***
***Побарано од Владата на Република Македонија да го објави Извештајот на ГРЕКО***

*Политичкото финансирање и понатаму без контрола*

**18.06.2012 Во извештаите на Државниот завод за ревизија (ДЗР) за финансирањето на политичките партии и трошењето на парите во изборните процеси содржана е забелешка за системски слабости и законски недоречености кои го отежнуваат соодветното остварување на новата законска функција на ДЗР како централен орган кој го контролира финансирањето на политиката.**

Во извештајот на Транспаренси Интернешнл за осветлувањето на парите во политиката содржани се препораки за: 1) проактивно објавување на финансиските извештаи од страна на политичките партии; 2) усвојување на детализирани обрасци за финансиското работење на политичките партии; 3) законска обврска за партиите и кандидатите за објавување на донорите; 4) спроведување и зајакнување на санкциите и 5) законска обврска за политичките партии да доставаат извештај за финансиското работење на барање на граѓаните.

Следејќи ги медиумските извештаи и изјавите на најповиканите институции како што се ДЗР и Државната комисија за спречување на корупцијата за неуредноста на трошењата на политичките партии и учесниците во изборите, со соодветни обраќања до Владата, до Собранието на Република Македонија и до Државниот завод за ревизија, укажувавме за обврските на овие институции да постапуваат по извештаите и да на соодветен начин ги известат граѓаните за мерките што ќе ги преземат за подобрување на системските слабости и законските недоречености.

Во оваа смисла го прашавме г-дин Вељаноски дали Собранието на Република Македонија ќе закаже седница на која ќе се разгледуваат овие ревизорските извештаи и кои мерки ќе бидат преземени за надминување на слабостите.

Истовремено јавно ја прашавме Владата на Република Македонија зошто сеуште не го објавила Извештајот за усогласеноста на Република Македонија со препораките на ГРЕКО, усвоен во март оваа година?

Препораките на ГРЕКО се однесуваа на надминување на сите погоре споменати слабости на системот за контрола на политичкото финансирање, а државата имаше време од 18 месеци за нивно исполнување.

Поради ова ја повикавме Владата на Република Македонија на својата прва наредна седница да донесе одлука за објавување на извештајот на македонски јазик, а Извештајот да го објави на својата веб страна и на веб страната на Министерството за правда.

**По повод 09 Декември светскиот ден за Борбата Против Корупцијата, на 08.12.2012 година Transparency International – Macedonia организираше кампања под мотото „Приклучи се и ти во борбата против корупцијата – Повлечи Црвена Линија“.**

Кампањата се одвиваше во три градови Скопје, Штип и Тетово каде ТИ-Македонија има канцеларии на Центарот за совети и правна помош. Граѓаните, преку поставените штандови и банери, преку делење на промотивни материјали и разговор беа информирани за работата на ТИ-Македонија и нејзините активности.

Во Скопје кампањата се одвиваше на локација каде има голема фреквеницијa на граѓани. Беа опфатени двете пешачки зони на приземјето на влезот на Градскиот Трговски Центар-ГТЦ. Имаше граѓани, кои особено беа заинтересирани за кампањата „Повлечи црвена линија” и како функционира www.prijavikorupcija.org. На нив им беше демонстрирана целата процедура од пријавување на случај до разгледување на веќе поставени пријави според локација и категории.

Во Штип на повеќе локации во градот беа поставени поголем број на постери и поделени флаери со информативна соджина за работата на ТИ - Македонија како можат да пријават случај како да добијат правен совет и помош за сите оние кои се соочиле со проблемот на корупција. Беа опфатени повеќе локации на плоштадот Слобода.

Кампањата во Тетово се одвиваше во центарот на градот. На платото пред Домот на Културата беше поставен штанд со информативен материјал. На граѓаните присутни на улиците во централното градско подрачје исто така беше делен пригоден информативен материјал, флаери и календарчиња со мотото на кампањата.